ООУ „КОЛЕ НЕДЕЛКОВСКИ“ –Општина Центар, Скопје
„ул. Антоние Грубишиќ “ бр.8, Скопје
*тел: 078 427 285* *email:* oukolenedelkovski@yahoo.com

# Правилник за номинирање, избор и прогласување на ученик на генерација и пофалени ученици од 9 (деветто) одделение при ООУ „Коле Неделковски”, Центар, Скопје

## I. Општи одредби

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдуваат:

1. Критериумите и начинот на номинирање на ученик на генерацијата од 9 одд;
2. Критериумите и начинот на избор на ученик на генерацијата од 9 одд;
3. Критериумите и начинот на избор за пофалени ученици од 9 одд;

**Член 2**

Номинирање и избор на ученик на генерација и пофалени ученици од 9 одделение, ќе се врши на крајот на наставната година.

**Член 3**

Изборот на ученик на генерација и пофалени ученици од 9 одделение ќе се изведе по пат на рангирање. Прворангираниот ученик се прогласува за ученик на генерација, а останатите рангирани се пофалени ученици.

**Член 4**

Избор на ученик на генерацијата и пофалени ученици од 9 одделение го спроведува Комисија составена од:

- претседател на комисијата- предметен наставник кој предава или предавал во целата генерација, но не е одделенски раководител на 9 одделение;
- членови:
  - двајца предметни наставници - наставници кои предаваат или предавале во целата генерација но не се одделенски раководители на 9 одделение;
  - стручен соработник;

**Член 5**

Комисијата за избор на ученик на генерацијата и пофалени ученици од 9 одделение се формира од страна на Наставничкиот совет најдоцна до месец мај и е со траење од една година.

**Член 6**

Со примената на одредбите на овој Правилник се постигнува поголема објективност при номинацијата на кандидати за изборот на ученик на генерацијата и пофалени ученици од 9 одделение.

## II. Посебни одредби

### А) Номинирање

**Член 7**

Номинирање на кандидати за ученик на генерацијата и пофалени ученици од 9 одделение се дава врз основа на следниве критериуми:

- Кандидатот да постигнувал среден успех 5.00 на крај на наставната година од VI до VIII одделение;
- Кандидатот да бил оценет со примерно поведение на крај на наставната година од VI до VIII одделение;
- Да учествувал на училишни, општински, регионални, државни, меѓународни натпревари или проекти;
- Да не бил казнуван со педагошка мерка од било кој вид во текот на школувањето во училиштето;
- Вкупниот број на неоправдани изостаноци во текот на годината да не биде поголем од 3 (за секоја учебна година одделно);
- Во текот на школувањето во училиштето да покажал интерес за учество во активности, промоции и проекти за унапредување на училиштето.

**Член 8**

Номинираните кандидати за ученик на генерација и пофалени ученици од 9 одделение мора да поседуваат доказ/документ за одребите именувани во членот 7 од овој правилник.

Доказите/документите што учениците кандидати за ученик на генерација и пофалени ученици од 9 одделение треба да ги поседуваат се:

- копија од свидетелства од VI до VIII одделение;
- благодарници, дипломи, потврди, мислење од наставник/стручен соработник во писмена форма стекнати во период од IV до IX одделение

**Член 9**

Номинацијата на кандидати за ученик на генерација и пофалени ученици се врши во рамките на секоја паралелка од IX одделение.

Самиот чин, номинација за ученик на генерацијата и пофалени ученици од 9 одделение може да произлезе од :

- одделенскиот раководител;
- предметен наставник, кој изведува настава во таа паралелка;
- ученикот сам да се кандидира;

**Член 10**

Кандидатите за ученик на генерација и пофалени ученици од 9 одделение мора да ги поднесат потребните документи до училишната комисија за прогласување на ученик на генерација и пофалени ученици, до одредениот рок од страна на Комисија најдоцна една недела пред завршувањето на наставната година.

**Член 11**

Доколку не се задоволени одредбите утврдени со членот 7, 8, 9 и 10 од овој правилник, ученикот кандидат не се зема во предвид при изборот за ученик на генерација и пофалени ученици од 9 одделение.

## Б) Избор

**Член 12**

При изборот на ученик на генерацијата и пофалени ученици од 9 одделение, училишната комисија за избор на ученик на генерација и пофалени ученици, користи инструмент за бодување врз основа на критериумите за избор на кандидати за ученик на генерацијата и пофалени ученици од 9 одделение.

Инструментот за бодување е составен дел од овој Правилник и е даден како Анекс.

**Член 13**

За секој од предложените кандидати, училишната комисија за избор на ученик на генерација и пофалени ученици од 9 одделение, пополнува индивидуален инструмент за бодување врз основа на критериумите за избор на кандидати за ученик на генерацијата и пофалени ученици од 9 одделение.

**Член 14**

Критериумите за рангирање и избор на кандидатите за ученик во генерација и пофалени ученици од 9 одделение се спроведува според следниве индикатори на успешност:

1. Учество и награди на индивидуални натпревари од здруженија акредитирани од страна на МОН, за афирмација на училиштето и интернационални натпревари – се однесува на натпревари каде ментори се наставници од училиштето (благодарници, дипломи, медали, потврди);
2. Учество и награди на индивидуални/групни натпревари надвор од училиштето и натпревари од неакредитирани здруженија – се однесува на натпревари каде успехот на ученикот не е поврзан со училиштето и/или доколку ученикот се стекнал со овие награди додека учел во друго училиште (благодарници, дипломи, медали, потврди);
3. Учество и награди на групни натпревари од здруженија акредитирани од страна на МОН и интернационални натпревари за афирмација на училиштето - се однесува на натпревари каде ментори се наставници од училиштето (благодарници, дипломи, медали, потврди);
4. Учество во вonнаставни активности за афирмација на училиштето – се однесува на театарски претстави, изложби, промоции, училишни активности/проекти, (благодарници, дипломи, мислење на наставник/стручен соработник);
5. Мислење од наставнички совет – секој присутен предметен наставник, член на наставничкиот совет за IX одделение може да даде само еден глас;
6. Редовност во наставата – неоправданите изостаноци заведени во свидетелствата од VI-IX одделение се земаат во предвид при бодувањето.

Подетално објаснување на бодувањето на индикаторите за успешност, се дадени во инструментот за бодување на кандидатите за избор на ученик на генерацијата и пофалени ученици од 9 одделение при ООУ „Коле Неделковски”, Скопје

**Член 15**

Откако училишната комисија ќе го изврши бодувањето на сите кандидати, врши рангирање врз основа на освоените поени.

**Член 16**

Првопласираниот кандидат, односно кандидатот со најмногу поени се прогласува за ученик на генерацијата, а останатите рангирани се пофалени ученици во генерацијата IX одделение.

**Член 17**

Доколку се појават два или повеќе кандидати со ист број поени, во тој случај се земаат во предвид работните оценки од последната или сите учебни години од VI до IX одделение. Во ваков случај се вклучува и дополнителен индикатор - континуираност во учењето за кој е изготвен дополнителен инструмент кој е составен дел на овој Правилник, и е даден како анекс.

**Член 18**

Училишната комисија треба да го направи изборот на ученик на генерација и пофалени ученици најдоцна до последниот училиштен ден во тековната учебна година.

## В) Завршни одредби

**Член 19**

Резултатите од изборот на ученик на генерација и пофалени ученици од 9 одделение се соопштува на Наставничкиот совет од стана на претседателот на комисијата

**Член 20**

Наставничкиот совет го потврдува изборот на ученик на генерацијата и пофалени ученици од 9 одделение. Директорот на училиштето на свеченост организирана по тој повод, ги доделува дипломата за ученик на генерација и пофалниците за останатите рангирани ученици.

ООУ „КОЛЕ НЕДЕЛКОВСКИ“ –Општина Центар, Скопје
„ул. Антоние Грубишиќ “ бр.8, Скопје
*тел: 078 427 285* *email:* oukolenedelkovski@yahoo.com

**Член 21**

Учениците коишто не се прворангирани можат да поднесат приговор до Наставничкиот совет во рок од 3 дена од денот на усвојувањето на изборот на ученик на генерацијата и пофалени ученици од страна на Наставничкиот совет.

**Член 22**

Наставничкиот совет го разгледува приговорот и дава одговор по истиот во рок од 3 дена.

**Член 23**

Измени и дополнувања на овој Правилник се вршат на Наставничкиот совет на училиштето.

**Член 24**

Овој Правилник влегува во сила од денот на неговото донесување.

Скопје, 06.04.2026 година

Директор

Александар Христовски

# Инструмент за бодување на кандидатите за избор на ученик на генерација и пофалени ученици од 9 одделение при ООУ „Коле Неделковски”, Скопје Анекс 1

**Име и презиме на ученикот-кандидат ___________________________________**

| **Индикатори на успешност** | | | | | | | | | | **Поени на ученикот-кандидат** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1. Учество и награди на индивидуални натпревари од здруженија акредитирани од страна на МОН и интернационални натпревари за афирмација на училиштето** | | | | | | | | | | |
| **1.1** | **Училишни натпревари** | Освоено благодарница (за секоја помножено по 0,5) | поени | Освоено III место (за секоја диплома помножено по 1) | поени | Освоено II место (за секоја диплома помножено по 2) | поени | Освоено I место (за секоја диплома помножено по 3) | поени | |
| **1.2** | **Општински натпревари** | Освоено благодарница (за секоја помножено по 0,6) | поени | Освоено III место (за секоја диплома помножено по 2) | поени | Освоено II место (за секоја диплома помножено по 3) | поени | Освоено I место (за секоја диплома помножено по 4) | поени | |
| **1.3** | **Регионални /градски натпревари** | Освоено благодарница (за секоја помножено по 0,7) | поени | Освоено III место (за секоја диплома помножено по 3) | поени | Освоено II место (за секоја диплома помножено по 4) | поени | Освоено I место (за секоја диплома помножено по 5) | поени | |
| **1.4** | **Државни натпревари** | Освоено благодарница (за секоја помножено по 0,8) | поени | Освоено III место (за секоја диплома помножено по 4) | поени | Освоено II место (за секоја диплома помножено по 5) | поени | Освоено I место (за секоја диплома помножено по 6) | поени | |
| **1.5** | **Интернационални натпревари** | Освоено благодарница (за секоја | поени | Освоено III место (за секоја | поени | Освоено II место (за секоја | поени | Освоено I место (за секоја | поени | |

# Инструмент за бодување на кандидатите за избор на ученик на генерација и пофалени ученици од 9 одделение при ООУ „Коле Неделковски”, Скопје Анекс 1

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | помножено по 0,9) | | диплома помножено по 5) | | диплома помножено по 6) | | диплома помножено по 7) | |
| **Вкупно освоени поени** | | | | | | | | | |

| **Индикатори на успешност** | | | | | | | | | | **Поени на ученикот-кандидат** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2. Учество и награди на индивидуални/групни натпревари надвор од училиштето и натпревари од неакредитирани здруженија** | | | | | | | | | | |
| **2.1** | **Општински натпревари** | Освоено благодарница (за секоја помножено по 0,1) | поени | Освоено III место (за секоја диплома помножено по 0,2) | поени | Освоено II место (за секоја диплома помножено по 0,3) | поени | Освоено I место (за секоја диплома помножено по 0,4) | поени | |
| **2.2** | **Регионални /градски натпревари** | Освоено благодарница (за секоја помножено по 0,2) | поени | Освоено III место (за секоја диплома помножено по 0,3) | поени | Освоено II место (за секоја диплома помножено по 0,4) | поени | Освоено I место (за секоја диплома помножено по 0,5) | поени | |
| **2.3** | **Државни натпревари** | Освоено благодарница (за секоја помножено по 0,3) | поени | Освоено III место (за секоја диплома помножено по 0,4) | поени | Освоено II место (за секоја диплома помножено по 0,5) | поени | Освоено I место (за секоја диплома помножено по 0,6) | поени | |
| **2.4** | **Интернационални натпревари** | Освоено благодарница (за секоја помножено по 0,4) | поени | Освоено III место (за секоја диплома помножено по 0,5) | поени | Освоено II место (за секоја диплома помножено по 0,6) | поени | Освоено I место (за секоја диплома помножено по 0,7) | поени | |
| **Вкупно освоени поени** | | | | | | | | | | |

# Инструмент за бодување на кандидатите за избор на ученик на генерација и пофалени ученици од 9 одделение при ООУ „Коле Неделковски”, Скопје Анекс 1

| Индикатори на успешност | | | | | | | | | | Поени на ученикот-кандидат |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **3. Учество и награди на групни натпревари од здруженија акредитирани од страна на МОН и интернационални натпревари за афирмација на училиштето** | | | | | | | | | | |
| **3.1** | **Училишни натпревари** | Освоено благодарница (за секоја помножено по 0,3) | поени | Освоено III место (за секоја диплома помножено по 0,4) | поени | Освоено II место (за секоја диплома помножено по 0,5) | поени | Освоено I место (за секоја диплома помножено по 0,6) | поени | |
| **3.2** | **Општински натпревари** | Освоено благодарница (за секоја помножено по 0,7) | поени | Освоено III место (за секоја диплома помножено по 0,8) | поени | Освоено II место (за секоја диплома помножено по 0,9) | поени | Освоено I место (за секоја диплома помножено по 1) | поени | |
| **3.3** | **Регионални /градски натпревари** | Освоено благодарница (за секоја помножено по 1,1) | поени | Освоено III место (за секоја диплома помножено по 1,2) | поени | Освоено II место (за секоја диплома помножено по 1,3) | поени | Освоено I место (за секоја диплома помножено по 1,4) | поени | |
| **3.4** | **Државни натпревари** | Освоено благодарница (за секоја помножено по 1,5) | поени | Освоено III место (за секоја диплома помножено по 1,6) | поени | Освоено II место (за секоја диплома помножено по 1,7) | поени | Освоено I место (за секоја диплома помножено по 1,8) | поени | |
| **3.5** | **Интернационални натпревари** | Освоено благодарница (за секоја | поени | Освоено III место (за секоја | поени | Освоено II место (за секоја | поени | Освоено I место (за секоја | поени | |

# Инструмент за бодување на кандидатите за избор на ученик на генерација и пофалени ученици од 9 одделение при ООУ „Коле Неделковски”, Скопје Анекс 1

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | помножено по 1,9) | | диплома помножено по 2) | | диплома помножено по 2,1) | | диплома помножено по 2,2) | | |
| **Вкупно освоени поени** | | | | | | | | | | |

| **Индикатори на успешност** | | | | | | | | | | | | **Поени на ученик от-кандидат** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **4. Учество во воннаставни активности за афирмација на училиштето** | | | | | | | | | | | | |
| **4.1** | **Учество во манифестации** | Манифестации во рамките на одделението | 0,5 поен | Манифестации во рамките на училиштето | 1 поени | Манифестации на локално ниво | 1.5 поени | Манифестации на национално ниво | 2 поени | Манифестации на интернационално ниво | 3 поени | |
| **4.2** | **Учество во проекти** | Проекти во рамките на одделението | 0,5 поен | Проекти во рамки на училиштето | 1 поени | Проекти на локално ниво | 1.5 поени | Проекти на национално ниво | 2 поени | Проекти на интернационално ниво | 3 поени | |
| **4.3** | **Учество на медиуми за презентација и афирмација на училиштето** | Учество на локални медиуми | 1 поен | | Учество на национални медиуми | 2 поени | | Учество на интернационален медиум | 3 поени | | | |
| **Вкупно освоени поени** | | | | | | | | | | | | |

# Инструмент за бодување на кандидатите за избор на ученик на генерација и пофалени ученици од 9 одделение при ООУ „Коле Неделковски”, Скопје Анекс 1

| Индикатори на успешност | | | | | Поени на ученикот-кандидат |
|---|---|---|---|---|---|
| **5. Мислење од одделенски совет-предметна настава** | | | | | |
| **5.1** | Вкупен број на наставници присутни на одделенскиот совет | | Вкупен број на наставници кои гласале за ученикот помножено со 1 | | |

| Индикатори на успешност | | | | Поени на ученикот-кандидат |
|---|---|---|---|---|
| **6. Редовност во наставата** | | | | |
| **6.1** | **Неоправдани изостаноци** | Вкупен број на неоправдани изостаноци заведени во свидетелствата од VI до IX одд.помножено со 1, (доколку има повеќе од 3 неоправдани по учебна година) | | - |
| **Вкупно минусни поени** | | | | **-** |

- Вкупниот број освоени поени од овој индикатор се одземаат од бројот на бодови освоени со предходните индикатори на успешност

| | |
|---|---|
| Вкупно поени кои ученикот-кандидат ги освоил | |

Членовинакомисија

Датум

Претседател

___________________________

___________________________

Членови:

___________________________

___________________________

___________________________

# Инструмент за бодување на кандидатите за избор на ученик на генерацијата и пофалени ученици од 9 одделение при ООУ „Коле Неделковски”, Скопје Анекс 2

| Индикатори на успешност | | | | | | Поени на ученикот-кандидат |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **7. Континуитет во учењето** | | | | | | |
| | | Вкупен број на други оценки помножено со зададениот број | | | | - |
| **7.1** | **Успех во текот на учебната година во IX одд** | 1х 0,8 | 2х 0,6 | 3х 0,4 | 4х0,2 | |
| | | | | | | |
| **7.2** | **Успех во текот на учебните година од VI-VIII одд** | 1х 0,8 | 2х 0,6 | 3х 0,4 | 4х0,2 | - |
| | | | | | | |
| **Вкупно минусни поени** | | | | | | **-** |

- Вкупниот број на поени добиени со овој индикатор треба да се одземат од вкупниот број на поени на кандидатот добиени со другите индикатори на успешност

| Индикатори на успешност | | | | | Поени на ученикот-кандидат |
|---|---|---|---|---|---|
| **8. Мислење од одделенски совет** | | | | | |
| **8.1** | Вкупен број на наставници присутни на одделенскиот совет | | Вкупен број на наставници коишто гласале за ученикот помножено со 1 | | |

| | |
|---|---|
| Вкупно поени коишто ученикот-кандидат ги освоил со дополнителниот инструмент | |

Членови на комисија

Претседател

___________________________

Датум

___________________________

Членови:

___________________________

___________________________

___________________________